**С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К**
**НА ОПШТИНА КРУШЕВО**

**02.11.2021 год.** **Бр.XVI**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014; 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на 1-та Конститутивна седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 01.11.2021 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 1-та Конститутивна седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 01.11.2021 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-1139/1 од 02.11.2021 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), на Првата конститутивна седница одржана на ден 01.11.2021 година, донесе:

**Д Е Л О В Н И К**
***за работа на Советот на Конститутивната седница***

**Член 1**

Со овој Деловник се уредуваат определени прашања сврзани со организацијата и начинот на работа на Советот на Општина Крушево, конституирањето, односно верификацијата на мандатот на членовите на советот, правата и должностите на членовите на конститутивната седница; избор на претседател на Советот и избор на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања.

**Член 2**

Конституирањето на советот се врши на првата Конститутивна седница на советот.

Советот е конституиран доколку на конститутивната седница присуствуваат и им се верификуваат мандатите на мнозинството до вкупниот број членови на советот, по предлог на комисијата за верификација на мандатите.

**Член 3**

Првата седница на новоизбраниот совет ја свикува Претседателот на советот од претходниот состав најдоцна во рок од 20 дена од денот на завршување на изборите.

Со првата седница на советот до избор на претседател на советот претседава претседателот на советот од претходниот состав.

Се додека претседава претседателот на советот од стариот состав, не смее да се одржи расправа околу званичната документација за верификација на мандатите, Деловникот за работа и изборот на претседател на советот.

**Член 4**

На првата конститутивна седница се врши верификација на мандатите на членовите на Советот.

Верификацијата ја врши комисијата за верификација на мандатите, која се состои од претседател и два члена, а ја избира Советот од редот на членовите на кои Општинската изборна комисија им издала Уверенија за извршен избор на последните локални избори врз основа на постигнатите резултати.

Комисијата се избира на предлог на претседателот на советот.

**Член 5**

Комисијата за верификација на мандатите може да ги оспори Уверенијата издадени од Општинската Изборна комисија, за избор на одделени членови на советот и да предложи верфикацијата на мандатот да се одложи заради утврдување дали тие се издадени согласно постигнатите изборни резултати.

Комисијата може да предложи одлагање на верификацијата на мандатот на одделен член на советот ако,

- со сигурност не може да го утврди неговиот идентитет;
- постојат индиции за можна неспоивост на функцијата;
- настапила фактичка неможност за верификација на мандатот под услови утврдени со закон.

**Член 6**

Комисијата за верификација на мандатите му поднесува извештај на советот со предлог на кои членови на советот треба да им се верификуваат мандатите, а на кои треба да им се одложи верификацијата на мандатите.

Советот со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на предлог на комисијата го усвојува предлогот за верификација на мандатите на присутните членови на советот.

Советот со мнозинство гласови од вкупниот број на членови одлучува за предлогот на комисијата за одлагање на верификација на мандатот на членови на советот.

Доколку предлогот за одлагање на верификација на мандатот не го добие потребното мнозинство, се смета дека советот го верификувал мандатот на членот на советот чие одлагање се барало.

Одлагањето на верификацијата на мандатот не може да биде подолго од два месеци.

Членот на советот чиј мандат е оспорен или чија верификација е одложена, има право да присуствува на седница на советот и да учествува во работата, без право на одлучување.

**Член 7**

Верификација на мандатите на членовите на советот кои не биле присутни на конститутивната седница, на оние кои се избрани на изборите за замена, како и на оние чија верификација е одложена, ја врши советот на првата седница на која тие што ќе присуствуваат.

**Член 8**

По верификацијата на мандатот членовите на Советот даваат и потпишуваат свечена изјава која гласи:

***"Јас (име и презиме) свечено изјавувам дека правата и должностите на член во Советот ќе ги вршам совесно и дека при нивното вршење ќе ги почитувам Уставот, Законот,прописите на Советот и дека ќе го штитам уставниот поредок на Република Македонија".***

Членот на советот се стекнува со своите права и должности по верификација на мандатот.

**Член 9**

На првата седница Советот на општината избира претседател, од редот на членовите на Советот со мандат од 4 (четири) години.

Предлог за претседател на советот може да даде секој член на советот или група на членови на советот.

Советот гласа за сите поднесени предлози, односно предложени кандидати за избор на претседател, освен за оние кандидати кои дале изјава дека не ја прифаќаат кандидатурата.

Изборот на претседател на советот се врши со јавно гласање, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот.

Изборот на претседател на советот може да се изврши со тајно гласање доколку за таков предлог на член на советот одлучи советот со мнозинство од присутните членови.

**Член 10**

Со гласањето за избор на претседател на Советот раководи претседателот на Советот од претходниот состав кој претседава со седницата.

Ако гласањето е тајно му помагаат секретарот и двајца членови кои ги определува Советот.

**Член 11**

Доклоку во првиот круг никој од кандидатите за претседател не добил потребен број гласови, се пристапува кон втор круг на гласање за двајцата кандидати кои што во првиот круг добиле најголем број гласови.

За претседател е избран членот на советот кој што во вториот круг добил повеќе гласови.

До изборот на претседател, советот го свикува и со него раководи најстариот член на советот.

**Член 12**

По изборот на претседател, истиот продолжува да претседава и да раководи со работата на советот.

**Член 13**

Советот на општината на својата прва седница избира Комисија за мандатни прашања, избори и именувања како постојана комисија на советот.

Комисијата се состои од пет члена, од кои еднионт е претседател на комисијата.

Претседателот и членовите на комисијата ги избира советот на општината со мнозинство од присутните членови на советот, врз основа на претходно доставени предлози на политичките партии застапени во советот, при што се води сметка за примена на принципот за нивна пропорционална застапеност.

**Член 14**

Овој Деловник влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен гласник на општината Крушево”.

**Бр.08-1121/3 од 01.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 40 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 4 од Деловникот за работа на првата Конститутивна седница, Советот на Општина Крушево на својата прва Конститутивна седница одржана на ден 01.11.2021 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
***за избор на претседател и членови на комисија за верификација на мандатите***

1. За Претседател и членови на комисијата за верификација на мандатите на членовите на Советот се избираат:

***- Александра Тирчоска -Претседател;***
***- Ејџан Исмаили -член;***
***- Љулзин Адеми -член.***

2. Мандатот на членовите на комисијата трае 4 години.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1121/4 од 01.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 33 и 35 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 20 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014; 7/19 и 7/20), а во врска со уверенијата од Општинската изборна комисија од 25.10.2021 година и поднесениот предлог за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Крушево од комисијата за верификација на мандатите, Советот на Општина Крушево на првата Конститутивна седница одржана на ден 01.11.2021година донесе:

**О Д Л У К А**
***за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Крушево***

**Член 1**

**СЕ ВЕРИФИКУВААТ,** мандатите на членовите на Советот на Општина Крушево и тоа:

- **Андреј Николоски**, од советничката листа на коалиција „Најдоброто за мојата Општина” предводена од СДСМ;
-**Александра Тирчоска,** од советничката листа на коалиција „Најдоброто за мојата Општина” предводена од СДСМ;
- **Хибрахим Хурем,** од советничката листа на коалиција „Најдоброто за мојата Општина” предводена од СДСМ;
-**Фросина Николоска,** од советничката листа на коалиција „Најдоброто за мојата Општина” предводена од СДСМ;
- **Абип Рушитоски ,** од советничката листа на коалиција „Најдоброто за мојата Општина” предводена од СДСМ;
-**Костадина Стојаноска,** од советничката листа на коалиција „Најдоброто за мојата Општина” предводена од СДСМ;
- **Методија Котески,** од советничката листа на коалиција „Обнова на Македонија” предводена од ВМРО-ДПМНЕ;
-**Влатко Стојаноски,** од советничката листа на коалиција „Обнова на Македонија” предводена од ВМРО-ДПМНЕ;
-**Сашо Дамјаноски,** од советничката листа на коалиција „Обнова на Македонија” предводена од ВМРО-ДПМНЕ;
-**Ејџан Исмаили,** од советничката листа на коалиција „Обнова на Македонија” предводена од ВМРО-ДПМНЕ;
-**Љулзин Адеми,** од советничката листа на коалиција Алијанса за Албанците и Алтернатива;

**Член 2**

Членовите на Советот се избираат со мандат од 4 години.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1121/5 од 01.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 47 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 31 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014 и 7/19 и 7/20) и член 9 од Деловникот за работа на првата Конститутивна седница, Советот на Општина Крушево на својата прва Конститутивна седница одржана на ден 01.11.2021 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
***за избор на Претседател на Советот на Општина Крушево***

**1. АНДРЕЈ НИКОЛОСКИ**, се избира за Претседател на Советот на Општина Крушево.

2. Мандатот на Претседателот на Советот на Општина Крушево е 4 години.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1121/6 од 01.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 32, став 2, 3 и 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) член 21 став 1, точка 44; член 40 и 41, став 1 алинеја 1; член 53 и 96 став 2 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 14/2016; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 01.11.2021 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на претседател и членови на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања**

1. За претседател и членови на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, се избираат:

***- Фросина Николоска, претседател;***
***- Костадина Стојаноска, член;***
***- Абип Рушитоски, член;***
***- Влатко Стојаноски, член;***
***- Љулзин Адеми, член;***

2. Мандатот на претседателот и членовите на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, ќе трае колку и мандатот на членовите на Советот.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево

4.Примерок од ова Решение да се достави до именуваните и Архивата на Општина Крушево.

**Бр.08-1121/7 од 01.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 52, став 5, 6, 7 и 8, од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 67 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево, на ден 02.11.20201 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Лицето **ФРОСИНА НИКОЛОСКА** од Крушево, член на Советот на Општина Крушево, се определува да го заменува градоначалникот на Општина Крушево во случаи на спреченост или отсуство.

На членот на советот му мирува функцијата член на советот за времето кога го заменува градоначалникот.

Висината на надоместокот кој ќе го прима членот на советот за вршење на оваа функција ќе се определи со посебно Решение.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

Согласно Законот за локална самоуправа и Сатутот на Општина Крушево, градоначалникот на општината определува член на советот кој ќе го заменува во случаи на спреченост или отсуство до 6 (шест) месеци; во случај на неоправдано отсуство подолго од 6 (шест) месеци и ако престане да биде жител на општината.

Заради горе наведеното градоначалникот на општината реши како во диспозитивот.

Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот и архивата на општина Крушево.

**Бр.09-1141/1 од 02.11.2021 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре. бр. стр.
1. Заклучок за објавување на актите донесени на 1-та конститутивна седница на Советот на Општина Крушево ............................... 1
2. Деловник за работа на Советот на Конститутивната седница .................... 1
3. Решение за избор на претседател и членови на комисијата за верификација на мандатите ....................................................... 3
4. Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Крушево ......................................................... 3
5. Решение за избор на Претседател на Советот на Општина Крушево ................. 4
6. Решение за избор на претседател и членови на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања ........................................ 4
7. Решение за заменик градоначалник на Општина Крушево ............................ 4

Редакциски одбор на Општина Крушево.